# Оценка на нивото најавна достапност на информациите со кои располагаат 25 јавни институции во 2022 година

*Годишна оценка на нивото на проактивна транспарентноста за 2022 година*

Здружение ЕСЕ

декември, 2022 година

*Проактивното објавување на информации од страна на јавните институции осигурува дека информациите со кои располагаат институциите се јавно достапни, а со тоа јавноста е информирана за законите, политиките и одлуките кои можат да имаат влијание врз нивните животи и допринесува кон унапредување на владеењето на правото. Проактивноста допринесува за поголема отчетност при трошењето на буџетските средства и поголема доверба во јавниот систем. Преку проактивното објавување на информации јавните институции покажуваат подготвеност за соработка со пошироката јавност и овозможуваат информирано вклучување на јавноста во процесите на донесување на одлуки.*

***ШТО ТРЕБА ДА ПРЕЗЕМАТ ИНСТИТУЦИИТЕ ЗА ДА ГО ПОДОБРАТ НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ?***

1. Владата на Р. Северна Македонија, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа да воведат методологија и пракса за континуиран мониторинг на сите јавни институции во земјата со цел да се следи бројот и видот на информации и документи кои тие ги споделуваат со јавноста. Врз основа на резултатите, да преземат мерки, односно да ги задолжат институциите да осигураат дека сите потребни програмски и буџетски документи ќе ѝ бидат достапни на јавноста. Особено да се води сметка за публикување на следното: месечни и полугодишни извештаи за трошењата и реализираните активности; календар со кој ќе се информира јавноста за роковите во кои институцијата ќе спроведува одредени фази од буџетскиот процес како и во која фаза и на кон начин јавноста може да учествува и кој резултат може да го очекува; извештаи со наоди од извршени ревизии; предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот; и буџетски податоци во отворен формат како документи кои ѝ се помалку достапни на јавноста. (види табела број 1)

2. Владата на Р. Северна Македонија, Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа да воведат методологија и пракса за континуиран мониторинг на сите јавни институции во земјата со цел да се следи бројот и видот на информации и документи кои тие ги споделуваат со јавноста. Врз основа на резултатите, да преземат мерки, односно да ги задолжат институциите да осигураат дека сите потребни програмски и буџетски документи ќе ѝ бидат достапни на јавноста. Особено да се води сметка за публикување на следното: месечни и полугодишни извештаи за трошењата и реализираните активности; календар со кој ќе се информира јавноста за роковите во кои институцијата ќе спроведува одредени фази од буџетскиот процес како и во која фаза и на кон начин јавноста може да учествува и кој резултат може да го очекува; извештаи со наоди од извршени ревизии; предлог и усвоени измени и дополнувања на буџетот; и буџетски податоци во

отворен формат како документи кои ѝ се помалку достапни на јавноста. (види табела број 1)

3. Министерството за локална самоуправа и Заедницата на единиците на локална самоуправа и сите министерства да развијат и да спроведат план за оценување и унапредување на капацитетите на локалните самоуправи и единиците во нивен состав за подготовка и објавување на информации и документи за нивното работење. Притоа алатките кои се создадени и се користат за унапредување на транспарентноста на национално ниво да се прилагодат на локалните потреби, да се овозможи нивно користење на локално ниво и да се искористат за унапредување на проактивноста на локалните единици и самоуправи.

4. Институциите што се оценети како делумно транспарентни (со жолта боја во табела број 2), како Министерство за финансии, Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Локална самоуправа Битола, Министерство за информатичко општество и администрација, и Министерство за труд и социјална политика, да развијат и да спроведат интерен план за унапредување на нивото на проактивност, особено заради фактот што на овие институции им недостасуваат од најмалку четири до најмногу седум документи да преминат во категоријата на проактивно транспарентни институции. (види табела број 1.)

5. Институциите што се оценети како нетранспарентни (со црвена боја во табела број 2), како Министерство за здравство, Локална самоуправа Виница, Министерство за внатрешни работи, Влада на Р Северна Македонија, Министерство за култура, Локална самоуправа Пехчево, Локална самоуправа Кочани, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Фонд за здравствено осигурување, Министерство за транспорт и врски, Локална самоуправа Струмица, Локална самоуправа Тетово, Институт за јавно здравје, Центар за јавно здравје Скопје, Локална самоуправа Шуто Оризари, Министерство за надворешни работи, Здравствен дом Скопје, Центар за јавно здравје Кочани, да развијат и да спроведат интерен план за унапредување на нивото на проактивност, особено заради фактот што овие институции објавуваат само неколку информации или пак воопшто не објавуваат информации на своите интернет страници. (види табела број 1)

6. Министерството за здравство да преземе чекори и да ги испита факторите и проблемите кои влијаат за минималната проактивна транспарентност во работењето на Здравствениот дом Скопје, Институтот за јавно здравје и Центрите за јавно здравје Кочани и Скопје, бидејќи овие институции во континуитет обезбедуваат минимална транспарентност во нивното работење. Врз основа на добиените наоди да се преземат чекори за отстранување на идентификуваните пречки и слабости, а со цел унапредување на проактивната транспарентност во нивното работење . (види табела број 1)

| | |
|---|---|
| **7.** | Фондот за здравствено осигурување да развие и да спроведе интерен план за унапредување на нивото на проактивна транспарентност, особено заради фактот што во 2014 и 2015 година, оваа институција објавувала два пати повеќе информации во однос на 2022 година. (види табела број 1) |
| **8.** | Секоја од институциите наведени во следната табела да ги објават оние документи/информации кои во истата се означено со црвено, односно кои не се јавно достапни.(види табела број 1) |

**Табела број 1.** Достапност на секој од клучните буџетски и програмски документи и информации на интернет страниците на 25те следени институции во 2022 година (црвена боја – не е достапен, зелена боја – е достапен).

| Назив на институција | Буџетски календар 2022 | Стратешки план | Пред-буџетска изјава | Предлог буџет за 2023 | Граѓански буџет/Поедноставе на верзија на буџетот | Усвоен буџет за 2023 | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања 2022 | Усвоени измени и дополнувања на буџетот 2022 | Годишни програми за работа | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за здравство** | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ☆ | ★ зелена | ★ зелена |
| **Фонд за здравствено осигурување** | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена |
| **Институт за јавно здравје** | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ☆ | ★ црвена | ★ зелена |
| **Здравствен дом Скопје** | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ☆ | ★ црвена | ★ црвена |
| **Центар за јавно здравје Скопје** | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ☆ | ★ црвена | ★ црвена |
| **Министерство за финансии** | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена |
| **Министерство за труд и социјална политика** | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена | ★ зелена |
| **Центар за јавно здравје Кочани** | ★ црвена | ★ зелена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена | ★ црвена |

(Symbols: ★ црвена = red star, ★ зелена = green star, ☆ = white, unfilled star.)

| Назив на институција | Буџетски календар 2022 | Стратешки план | Пред-буџетска изјава | Предлог буџет за 2023 | Граѓански буџет/Поедноставе на верзија на буџетот | Усвоен буџет за 2023 | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања 2022 | Усвоени измени и дополнувања на буџетот 2022 | Годишни програми за работа | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Влада на РМ** | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ red | ☆ | ★ green | ★ green |
| **Локална самоуправа Делчево** | ★ green | ★ green | ★ red | ★ green | ★ green | ★ green | ★ red | ★ red | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ★ green | ☆ | ★ green | ★ green |
| **Локална самоуправа Шуто Оризари** | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ☆ | ★ green | ★ red |
| **Локална самоуправа Виница** | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ green | ★ green | ★ green | ☆ | ★ green | ★ red |
| **Локална самоуправа Пехчево** | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ☆ | ★ green | ★ green |
| **Локална самоуправа Кочани** | ★ red | ★ red | ★ red | ☆ | ★ red | ☆ | ☆ | ☆ | ☆ | ★ green | ★ red | ☆ | ★ green | ☆ | ★ green | ★ green |
| **Министерство за образование и наука** | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ☆ | ★ red | ★ red |
| **Министерство за култура** | ★ red | ★ green | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ green | ☆ | ★ green | ★ green |

| Назив на институција | Буџетски календар 2022 | Стратешки план | Пред-буџетска изјава | Предлог буџет за 2023 | Граѓански буџет/Поедноставе на верзија на буџетот | Усвоен буџет за 2023 | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања 2022 | Усвоени измени и дополнувања на буџетот 2022 | Годишни програми за работа | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Министерство за надворешни работи** | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (red) | ★ (red) |
| **Министерство за внатрешни работи** | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Министерство за правда** | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер** | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Министерство за транспорт и врски** | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Министерство за информатичко општество и администрација** | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |

| Назив на институција | Буџетски календар 2022 | Стратешки план | Пред-буџетска изјава | Предлог буџет за 2023 | Граѓански буџет/Поедноставе на верзија на буџетот | Усвоен буџет за 2023 | Објавен усвоен буџет во отворен формат (xml) | Предложени измени и дополнувања 2022 | Усвоени измени и дополнувања на буџетот 2022 | Годишни програми за работа | Месечни извештаи за извршување на буџетот | Полугодишен извештај за извршување на буџетот | Завршна сметка | Ревизорски извештај | Контакт лице за информации од јавен карактер | Листа на информации од јавен карактер |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Локална самоуправа Битола** | ★ (green) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (green) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Локална самоуправа Струмица** | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |
| **Локална самоуправа Тетово** | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ☆ | ★ (green) | ★ (green) |

**Целта на оваа анализа** е да го прикаже нивото на проактивна транспарентност кај дел од јавните институции во Република Северна Македонија, односно праксата на јавно објавување на документи и информации за нивното програмско и буџетско работење на нивните интернет-страници и да даде препораки за можноста и начинот на унапредување на нивото на проактивна транспарентноста јавните институции. **Предмет на оваа анализа** е објавувањето на шеснаесет значајни информации/документи за програмското/буџетското работење од страна на дваесет и пет јавни институции, во кои влегуваат: стратегија за работа, годишни програми, буџетски календар, пред-буџетска изјава, граѓански буџет, предлог-буџет и усвоен буџет, предложени измени и усвоените измени и дополнувања на буџетот, буџетски документи во отворен формат (xml и excel), месечни извештаи за извршување на буџетот, полугодишен извештај за извршување на буџетот, завршната сметка на буџетот, ревизорски извештај, податоци за лицето назначено за посредување за информации од јавен карактер и листа на информации од јавен карактер. Односно, документи и информации кои на јавноста ќе и дадат можност да ги разбере одлуките на јавните институции, информирано да учествува во дискусии и донесување на одлуки кои имаат влијание врз нивниот живот, како и активно да бара дополнителни информации од институциите. Оваа анализа не го оценува квалитетот и времето на објавување на мониторираните документи и информации.

По однос на методологијата на подготовка на оваа анализа, објавувањето на споменатите документи се оценува со поени, при што објавувањето на документ, информација се бодува со еден поен (максимум 16 поени), а необјавените документи и информации се бодуваат со нула. Нивото на проактивност се добива како сооднос помеѓу бројот на објавени документи/информации и вкупниот број на следени документи и информации. Односно врз основа на процентот на објавени документи/информации од вкупниот број на следени документи/информации.

Сумарната оценка која може да ја добие секоја институција се дели во три степени и тоа транспарентна (зелена боја), делумно транспарентна (жолта) и нетранспарентна (црвена боја).

***ЛЕГЕНДА НА ПРОАКТИВНОСТ:***

| | |
|---|---|
| | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ*** |
| | институцијата што има освоено под 6 поени, или што објавила помалку од 40 % од мониторираните документи. |
| | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ*** |
| | институцијата што има освоено меѓу 7 и 12 поени или има објавено од 40,1-75 % од мониторираните документи. |
| | ***ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ*** |
| | институцијата што има освоено помеѓу 12 и 16 поени или има објавено над 75,1 % или скоро сите мониторирани документи. |

*Напомена: Бела боја – означува дека институцијата не била предмет на ревизија*.

Во 2022 година само една институција е оценета како проактивно транспарентна. Односно, локалната самоуправа Делчево има објавено значителен број на програмски и буџетски информации од значење за јавноста (80% од следените 16 документи/информации). Важно е да се напомене дека оваа институција во 2022 година бележи значителен пораст во однос на бројот на објавени информации и документи споредено со претходните години. Во 2021 година објавила само 40% од документите/информации, а пак во 2014 година само 31%. Како и да е, од проактивно нетранспарентна институција во периодот од 2014 до 2021 година, локалната самоуправа Делчево  оваа година е единствената транспарента институција, помеѓу следените 25,  и истата објавува повеќе информации и од Министерството за финансии кое во изминатите две години го држеше првото место во однос на проактивната транспарентност. (види табела 2 и 3)

Во 2022 година, во групата на делумно проактивно транспарентни институции се вбројуваат шест од следените 25 институции (Министерство за финансии, Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, Локална самоуправа Битола, Министерство за информатичко општество и администрација, и Министерство за труд и социјална политика). Станува збор за

институции кои биле делумно транспарентни и во 2021 година, односно кај овие институции не се бележи промена во транспарентноста. (види табела 2 и 3)

72% од 25 следени институции (18 институции) се нетранспарентни институции во 2022 година (Министерство за здравство, Локална самоуправа Виница, Министерство за внатрешни работи, Влада на РМ, Министерство за култура, Локална самоуправа Пехчево, Локална самоуправа Кочани, Министерство за образование и наука, Министерство за правда, Фонд за здравствено осигурување, Министерство за транспорт и врски, Локална самоуправа Струмица, Локална самоуправа Тетово, Институт за јавно здравје, Центар за јавно здравје Скопје, Локална самоуправа Шуто Оризари, Министерство за надворешни работи, Здравствен дом Скопје, и Центар за јавно здравје Кочани). Во 2022 година бројот на нетранспарентни институции се зголемил од 15 на 18, во споредба со 2021 година. Влошување на нивото на транспарентност, во однос на 2021 година, се бележи кај четири институции. Односно, Владата на Р. Северна Македонија, Министерството за внатрешни работи, и Единиците на локалните самоуправи Кочани и Пехчево кои од делумно проактивно транспарентни преминале во нетранспарентни институции. (види табела 2 и 3)

**Табела број2.** Ранг-листа на институции според нивото на проактивност, односно објавување на документи и информации пред јавноста за 2022 година

| Назив на институција | Буџетски календар 2022 |
|---|---|
| Локална самоуправа Делчево, http://www.delcevo.gov.mk/ | ★ (зелена) |
| Министерство за финансии, http://www.finance.gov.mk/ | ★ (жолта) |
| Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, https://aspi.mk/ | ★ (жолта) |
| Локална самоуправа Битола, http://www.bitola.gov.mk/ | ★ (жолта) |
| Министерство за информатичко општество и администрација, http://www.mioa.gov.mk/ | ★ (жолта) |
| Министерство за труд и социјална политика, http://www.mtsp.gov.mk/ | ★ (жолта) |
| Министерство за здравство, http://zdravstvo.gov.mk/ | ★ (црвена) |
| Локална самоуправа Виница, http://www.opstinavinica.gov.mk/ | ★ (црвена) |

| **Назив на институција** | **Буџетски календар 2022** |
|---|---|
| Министерство за внатрешни работи, http://moi.gov.mk/ | ★ |
| Влада на РМ, http://vlada.mk/ | ★ |
| Министерство за култура, https://kultura.gov.mk/ | ★ |
| Локална самоуправа Пехчево, http://pehcevo.gov.mk/ | ★ |
| Локална самоуправа Кочани, http://www.kocani.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за образование и наука, http://mon.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за правда, http://www.pravda.gov.mk/ | ★ |
| Фонд за здравствен осигурување, http://www.fzo.org.mk/ | ★ |
| Министерство за транспорт и врски, http://www.mtc.gov.mk/ | ★ |
| Локална самоуправа Струмица, http://www.strumica.gov.mk/ | ★ |
| Локална самоуправа Тетово, http://www.tetova.gov.mk/ | ★ |
| Институт за јавно здравје, http://www.iph.mk/ | ★ |
| Центар за јавно здравје Скопје, http://www.cph.mk/ | ★ |
| Локална самоуправа Шуто Оризари, http://www.sutoorizari.gov.mk/ | ★ |
| Министерство за надворешни работи, http://www.mfa.gov.mk/ | ★ |
| Здравствен дом Скопје, http://www.zds.com.mk/ | ★ |
| Центар за јавно здравје Кочани, http://cjzkocani.org.mk/ | ★ |

Континуираното следење на достапноста на 16те клучни документи и информации на интернет страниците на следените јавни институции, од 2014 година до 2022 година, покажува дека **само една од 25 институции во 9 години бележи напредок**, **четири** од 25 институции **имале некакво унапредување во минатото но во последните години стагнираат**, **осум** од 25 институции **бележат намалување** на бројот на документи/информации кои ги објавуваат, а **пак најголемиот број на институции (12** од 25) **не бележат промени** и по 9 години се во категоријата на проактивно нетранспарентни институции. (види табела број 3)

Односно, **во текот на 9 години единствен постепен напредок се бележи кај Локалната самоуправа Делчево**. Во истиот период **стагнација се бележи кај** Министерството за информатичко општество, Министерството за труд и социјална политика, Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер и Локалната самоуправа Битола, и **уназадување кај** Влада на Р. Северна Македонија, Министерство за финансии, Министерство за образование и наука, Министерство за култура, Министерство за внатрешни работи, Фонд за здравствено осигурување и Локалните самоуправи Пехчево и Кочани. Министерството за здравство, Министерството за надворешни работи, Министерството за правда, Министерството за транспорт и врски, Институтот за јавно здравје, Здравствениот дом Скопје, Центарот за јавно здравје Скопје, Центарот за јавно здравје Кочани, и Локалните самоуправи Шуто Оризари, Виница, Струмица и Тетово, и по 9 години не бележат никаква промена во нивото на проактивност.(види табела број 3)

**Табела број 3.** Ранг-листа на институции според нивото на проактивност, односно објавување на документи и информации пред јавноста за периодот од 2014 до 2022 година

| **Назив на институција** | **2022** | **2021** | **2020** | **2019** | **2018** | **2017** | **2016** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Влада на РМ | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Министерство за здравство | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |

| **Назив на институција** | **2022** | **2021** | **2020** | **2019** | **2018** | **2017** | **2016** | **2015** | **2014** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Министерство за финансии | ★ yellow | ★ green | ★ green | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow |
| Министерство за труд и социјална политика | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| Министерство за образование и наука | ★ red | ★ red | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ red |
| Министерство за култура | ★ red | ★ red | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| Министерство за надворешни работи | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| Министерство за внатрешни работи | ★ red | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| Министерство за правда | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | N/A |
| Министерство за транспорт и врски | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | N/A | N/A |
| Министерство за информатичко општество и администрација | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ yellow | ★ red | ★ yellow | ★ red | N/A | N/A |
| Фонд за здравствено осигурување | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ yellow | ★ yellow |
| Институт за јавно здравје | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |
| Здравствен дом Скопје | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red | ★ red |

| Назив на институција | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 | 2018 | 2017 | 2016 | 2015 | 2014 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Агенција за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | N/A |
| Локална самоуправа Делчево | ★ (green) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Шуто Оризари | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Виница | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Пехчево | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Кочани | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Локална самоуправа Битола | ★ (yellow) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (yellow) | N/A | N/A | N/A |
| Локална самоуправа Струмица | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | N/A | N/A | N/A |
| Локална самоуправа Тетово | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | N/A | N/A | N/A |

N/A – означува дека оваа институција не била предмет на следење во соодветната година.

Овој документ е подготвен со
кофинансирање од ЕУ.
Содржината на овој документ е во целосна
одговорност на Здружението ЕСЕ и во ниту
еден случај не ги одразува ставовите на ЕУ.